**Известување за концентрација со која Месер Медикал Хоумкеар Холдинг ГмбХ (Messer Medical Homecare Holding GmbH, Messer-Platz 1, 65812 Bad Soden am Taunus, Federal Republic of Germany), со седиште на Месер Плац 1, 65812 Бад Зоден ам Таунус, Сојузна Република Германија стекнува контрола над Ханс Милер ХМП Медицинтехник Гмбх (Hans Müller HMP Medizintechnik GmbH, Schnieglinger Str. 162, 90425 Nurnberg, Federal Republic of Germany), со седиште на Шниглингер Штрасе 16290425 Нирнберг, Сојузна Република Германија и Ханс Милер медицинише унд техникше гасе ГмбХ (Hans Müller medizinische und technische Gase GmbH, Schnieglinger Str. 162, 90425 Nurnberg, Federal Republic of Germany), со седиште на Шнилингер штрасе бр.162, 90425 Нирнберг, Сојузна Република Германија**

**(предмет бр. 08-104/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 24.11.2020 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Месер Медикал Хоумкеар Холдинг ГмбХ (Messer Medical Homecare Holding GmbH, Messer-Platz 1, 65812 Bad Soden am Taunus, Federal Republic of Germany), со седиште на Месер Плац 1, 65812 Бад Зоден ам Таунус, Сојузна Република Германија стекнува контрола над Ханс Милер ХМП Медицинтехник Гмбх (Hans Müller HMP Medizintechnik GmbH, Schnieglinger Str. 162, 90425 Nurnberg, Federal Republic of Germany), со седиште на Шниглингер Штрасе 16290425 Нирнберг, Сојузна Република Германија и Ханс Милер медицинише унд техникше гасе ГмбХ (Hans Müller medizinische und technische Gase GmbH, Schnieglinger Str. 162, 90425 Nurnberg, Federal Republic of Germany), со седиште на Шнилингер штрасе бр.162, 90425 Нирнберг, Сојузна Република Германија.

Messer Medical Homecare Holding е припадна фирма на MEC Holding GmbH, а двете компании заедно се дел од Messer Group.

MESSER GROUP GmbH е присутна во Република Северна Македонија како основач и единствен сопственик на МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС Месер груп ГмбХ ДООЕЛ Скопје, Источна индустриска зона бб, со главна дејност производство и трговија со технички гасови.

Ханс Милер ХМП Медицинтехник ГмбХ (Hans Müller HMP Medizintechnik GmbH) е основана во 2007 од Ханс Милер. Нејзиното портфолио опфаќа вентилатори и кислородни уреди, уреди за инхалација и усисување како и тераписки и дијагностички уреди за медицинско набљудување на пациенти со проблеми со апнеа при спиење и предвреме родени новороденчиња.

Ханс Милер Медицинише унд Техникше гасе ГмбХ ги произведува медицинските гасови за продуктите на HMP.

Ханс Милер ХМП Медицинтехник ГмбХ и Ханс Милер Медицинише унд Техникше гасе ГмбХ немаат никакво присуство во Република Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки би требало да се дефинира како ***пазар на медицински гасови.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 6 дена од денот на објавување на ова известување***.**

02.12.2020 година
Скопје